**Инфо билтен – април 2023**



© Игор Цветковски, Лазарополе

**Повици**

Пријавете се на фотоконкурсот „Зелена урбана инфраструктура" со испраќање фотографија со краток опис на зелено уредена тераса, балкон или двор како ваш климатски одговор. Конкурсот е отворен до 14 мај, а наградите се одлични! zaednozaklimatskaakcija.mk

Локалната канцеларија Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Еко-свест во македонското Собрание дискутираше за Законот за климатска акција и потребата од воспоставување на Фонд за животна средина, на состанокот со зелената парламентарна група составена од пратеници од повеќе политички партии.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Заштита на природа**

Постојат докази кои сугерираат дека Советот на ЕУ се залага за отстранување на одредбите за пристап до правдата од Законот за обновување на природата. Без овие одредби, нема да биде возможно законот ефективно да се спроведе и со тоа, да се заштити биолошката разновидност. Прочитајте ја целосната изјава.

Македонската природа во секоја сезона е подготвена да понуди прекрасни пејсажи и погледи. Таков е и случајот со Лазарополе. Погледнете ја оваа „Лазороска" фотогалерија и уживајте во фотографиите низ кои се чувствува соживотот помеѓу човекот и природата.

**Води**

Еко-свест и партнерските организации од регионот во соработка со The Nature Conservancy официјално ја започнуваат кампањата Заедно за реките насочена кон заштита на слатководните богатства на регионот. Обединети за реките, работиме со локалните заедници и владите за да осигураме дека луѓето и природата во регионот напредуваат.

Заедно, можеме да се погрижиме нашите реки да продолжат слободно да течат и за идните генерации. Следете ја фејсбук страницата на иницијативата United for Rivers за да дознаете како можете да се вклучите.

**Енергија**

Дали новите планови за приклучување на регионов на нова гасна инфраструктура ќе ја направи енергетската транзиција на целиот регион уште потешка? Прочитајте во најновиот извештај на мрежата Бенквоч.

Искоритете го убавото време и појдете до Изложбениот центар Матка. Преку нивната постојана поставка научете повеќе за хидроцентралата Матка, електрификацијата на Македонија, електро-енергетскиот систем, обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност. Погодно за сите возрасти.

**Активно граѓанство**

По повод првиот ден на пролетта Центарот за истражување и заштита на животната средина Еко-свест преку својата локална канцеларија во Вевчани во соработка со ОУ „Страшо Пинџур" од Вевчани организираа заедничка акција за засадување садници. Убав пример и покана за сите нас да засадиме дрвја таму каде што сме.

**Медиуми**

Нацрт-законот за климатска акција предвидува нови обврски за државните органи и за локалните самоуправи, кои дополнително ќе го нагласат слабиот капацитет на институциите во земјава.

Да се потсетиме на усвојувањето на Стратегијата за климатска акција и ветувањата кои беа дадени во 2021 година. Визијата (беш)е Македонија да биде просперитетна ниско-јаглеродна економија.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

На Преспанското Езеро му се случува еколошка катастрофа, алармираат експертите. Покрај климатските промени и недостигот на вода, закана за Езерото претставува и процесот на еутрофикација предизвикан од претераната употреба на пестициди.

**Разно**

Дознајте за иновативните пристапи за следење на јаглеродниот отпечаток во здравствениот сектор како дел од една поширока програма која треба да направи врска помеѓу акцијата за климатските промени и заштитата на јавното здравје.

Одличен вовед во темата за фосилни горива – нафта и гас. На англиски, но многу јасно напишано и објаснето.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.